РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1833/3

16-12-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител, на продолжение на 42-та седница одржана на 11.12.2020 година ја донесе следната

ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката по предметот со број 12-3603/1 од 19.07.2019 година оформен по пријава од непознат подносител доставена до ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3603/1 од 19.07.2019 година, од причина што наводите по однос на системските слабости кои се детално опишани подолу во образложението се делумно точни, за што е изготвена анализа за слабости на законите и подзаконските акти и истата е објавена, а додека другите наводи не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3603/1 од 19.07.2019 година е оформен по пријава од непознат подносител доставена до ДКСК.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за сторени незаконитости во постапката за вработување на 12 државни службеници во новоформираниот Сектор за управна контрола во Бирото за јавните набавки, по јавен оглас бр. 79/2019 во смисла на тоа дека со извршени измени во Актот за систематизација на работните места во Бирото за јавните набавки во Посебните услови за 3 работни места било утврдено ниво на квалификации, соодветен факултет со цел да бидат вработени конкретни лица во споменатиот Сектор. Во пријавата се бара да се провери:

1. Кога и колку пати е направена измена на Правилникот за систематизација на работните места и дали истата е строго наменска и упатува на конкретни лица,

2.Како успеа Министерството за информатичко пштество и администрација само за еден ден да даде согласност за неведената измена и од кои причини е дозволено да се предвидуваат несоодветни стручни квалификации за работните места на кои ќе работат лица кои треба да вршаат управна контрола и давање мислења за спроведување на постапки со преговарање без објава на оглас,

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

3.Како е направена распределбата на работните места односно како три раководни позиции се предвидени за лица албанец а ниту една раководна позиција за македонец или лице од друг етникум,
4.Да се изврши контрола на начинот и условите под кои се исплаќаат шест лица по договор на определено од 25000 до 32000 денари и како истите користат годишен одмор или платени боледување,
5.Да се испита како е именувано одговорното лице на Бирото за јавни набавки иако не исполнува ниту еден услов.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1833/1 од 28.04.2020 година до Бирото за јавните набавки со кое се побара да се достават следните документи и тоа: копија од Правилникот за систематизација на работните места во Бирото за јавните набавки и сите измени и дополнувања на Правлникот за систематизација од 2016 година до денот на приемот на ова барање, (ве молиме во CD – формат),копија од Годишниот план за вработување за 2019 година и извештај на реализираните вработувања согласно планот во текот на 2019 година, образложение за утврдување на посебните услови по однос на образованието за објавеното работно место бр. 2 од јавниот оглас бр.79.2029 (Помошник Раководител на Секторот за контрола се утврдени Посебни услови - Ниво на квалификации VIA според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен Правни науки, Наука за книжевност или Наука за јазикот (лингвистика) и објаснување врз кој принцип била направена распределбата на работните места во Секторот за управна контрола според националната припадност и список на провремено вработени преку приватни агенции вработување или договор за дело во текот на 2019 година (име и презиме, предмет на договорот – работни задачи, времетраење на договорот и износ на нето плата).

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Бирото за јавните набавки.

Од анализата на прибавената документација, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба :

При разгледување на предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид предметните наводи, добиените одговори од надлежната институција и информации од други извори, при што ја утврди следната фактичка состојба:

1. Во врска со наводите во пријавата за тоа кога и колку пати е направена измена на Правилникот за систематизација на работните места и дали истата е строго наменска и дали упатува на конкретни лица е утврдено дека на Правилникот за систематизација на работните места од 2016 година усогласен со донесувањето на новиот Закон за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници е извршена измена и дополнување на 22.09.2016 година по однос на 4 работни места и имајќи предвид дека тоа не е поврзано со наводите по објавениот јавен оглас бр.79 од 2019 година не може да се утврди дека тоа е направено строго наменски за конкретни лица.

На 15.03.2019 година е донесен нов Правилник за систематизација на работните места во кој се предвидени 60 работни места, по чија содржина по однос на заедничките посебни услови се препознава дека е донесен поради усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 11/2018) во делот на познавањето на странските јазици како дел од испитот за административен службеник како и за

спроведување на новиот Закон за јавните набавки донесен на 1 февруари 2019 година и донесување на подзаконските акти во рок од шест месеци по донесувањето, по однос на воведување на надлежноста Управна контрола и ревизија.

На 08.11.2019 година е донесен нов Правилник за внатрешна организација и нов Правилник за систематизација на работните места со кои се предвидени 75 работни места, но прит тоа не може да се утврди поврзаноста на донесувањето на овие акти со јавниот оглас бр.79 од 2019 година кој е објавен на 5 јуни 2019 година за пополнување на работните места од Секторот за контрола.

На 05.02.2020 година е извршена измена и дополнување на Правилникот донесен на 08.11.2019 година и тоа само едно работно место по однос на образованието и не се однесува на Секторот за контрола и не е опфатено со објавениот Јавен оглас бр.79/2019.

2. Во врска со наводот во приајвата, како успеа Министерството за информатичко пштество и администрација само за еден ден да даде согласност за наведената измена и од кои причини е дозволено да се предвидуваат несоодветни стручни квалификации за работните места на кои ќе работат лица кои треба да вршат управна контрола и давање мислења за спроведување на постапки со преговарање без објава на оглас, за првиот дел од прашањето не е можно да се даде конкретен одговор бидејќи ни во Законот за вработените во јавниот сектор ни во Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор (Службен весник на РМ, бр. 11 од 26.01.2015 година) не се предвидени рокови за давањето на согласноста. И покрај тоа што стои прецепцијата дека има пропусти, слабости и политичко влијание во овој правец, сепак во овој случај нема доволно елементи во пријавата за да се потврдат наводите.

По однос на првиот дел од прашањето во врска со наводно предвидените несоодветни стручни квалификации за одредени работни места во член 17 ства 4 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор (Службен весник на РМ, бр. 11 од 26.01.2015 година) се вели: (4) Видот на високо образование се утврдува преку наведување на најмалку едно, а најмногу три научни полиња кои соодветствуваат на описот на работното место, содржани во меѓународната Фраскатиева класификација утврдена во Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност.

Во Правилникот за систематизација на БЈН има работни места каде предвидениот вид на образование несоодејствува со описот на работно место, но тоа е веќе општа појава кај многу институции што претставува системска слабост и ризик од влијание за наменско креирање на работни места, но од друга страна не е предвиден механизам за контрола при давање согласност од МИОА освен за тоа што е наведено во горенаведениот Правилник. Било каква контрола на сите детали од надзорни органи прво не е можно имајќи го во предвид бројот на институции во државава за кои согласност за актите за организација и систематизација дава МИОА а од друга страна и да е можно се толкува како внатрешно мешање на работата на самите институции.

3. Во врска со прашањето за тоа како е направена распределбата на работните места односно како три раководни позиции се предвидени за лица Албанец а ниту една раководна позиција за македонец или лице од друга етнична група, одговорт го дава самиот план и измена на годишниот план за 2019 година

согласно кој е објавен и огласот бр.79/2019 година за пополнување на 12 работни места во Секторот за контрола предвиден со новиот Закон за јавните набавки. Во Бирото за јавните набавки во моментов на објавување на јавниот оглас спроведен од Агенцијата за администрација вкупно вработени имало 25 од кои 19 македонци, 2 албанци двајца срби и двајца бошњаци.

Според балансерот за јавниот оглас бр.79.2019 година се предвидени 8 работни места за македонци и 4 за албанци од кои одредувањето на кое работно место на која етничка заедница ќе се определи во објавениот оглас не е во ниту еден правен акт уредено или ограничено, што значи е оставено да одлучи работодавачот.

4. По однос на барањето да се изврши контрола на начинот и условите под кои се исплаќаат шест лица по договор на определено од 25000 до 32000 денари и како истите користат годишен одмор или платени боледување, од добиените информации од БЈН е констатирано дека на определено време до доставување на списокот до ДКСК во БЈН на определено време во текот на 2018 и 2019 година биле ангажирани 7 лица од кои само еден имал договор до 21.11.2020 година, додека двајца се примени на неопределено време со огласот бр.79/2019 година. Ваквиот начин на вработување на лица на определено време е предвидено со Законот за вработените во јавниот сектор.

5. Во врска со барањето кое се однесува на тоа да се испита како е именувано одговорно лице на Бирото за јавни набавки иако не исполнува ниту еден услов, ДКСК констатира дека наводите не се потврдени, од причина што на веб страната на БЈН се објавени информации од јавен карактер кои го докажуваат спротивното на наведеното во пријавата.

Лицата кое ја вршеле должноста директор на БЈН во времето на донесување на актите за организација и систематизација на работните места и спроведување на јавниот оглас за пополнување на 12 работни места во Секторот за контрола, веќе се разрешени од должноста.

Имајќи го во предвид сето гореспоменато, ДКСК констатира дека наводите по однос на системските слабости кои се детално опишани погоре во образложението се делумно точни, за што е изготвена анализа за слабости на законите и подзаконските акти, која веќе е објавена, додека другите наводи не се потврдени, поради што заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во овој предмет и предметот да се затвори и архивира. Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска